РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-2100/2
14-11-2024 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на чл. 22 ст. 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), чл. 40 ст. 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК), на својата 10-та седница одржана на 08.11.2024 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапувањето по пријавата со број 12-2100/1 од 30.07.2024 година, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека по наводите од пријавата постапувала Државната комисија за жалби по јавни набавки на РСМ, заради што оцени дека предметот нема елементи за натамошно постапување.

Предметот со број 12-2100/1 од 30.07.2024 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 12-2100/1 од 30.07.2024 година е оформен врз основа на поднесена пријава од познат подносител. Изнесените наводи во пријавата се однесуваат на сомнежи за незаконски спроведена јавна набавка од страна на /// по јавен оглас бр. /// од /// година. Според наводите од пријавата, претходно наведениот орган при спроведувањето на јавната набавка ги повредил одредбите од чл. 5 и чл. 8 од Законот за јавните набавки, затоа што подносителот смета дека пропишувањето на потребните сертификати за квалитет ја ограничуваат конкуренцијата, како и дека склучениот договор за јавна набавка со избраниот економски оператор бил во вредност која е 7 пати повисока од проценетата вредност. Наведува дека ова било честа практика кај договорниот орган, па се сомнева дека станува збор за наместени јавни набавки со злоупотреби на службената положба и овластувања и несовесно работење.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

По увидот во содржината на пријавата, ДКСК по службена должност го прибави и изведе Решението на /// бр. /// од /// година и со увидот во содржината на истото, утврди дека по предметните наводи, по однос на горе означениот оглас постапувал овој надлежен орган, по поднесена жалба од самиот подносител. Жалбата била одбиена како неоснована. Следствено, ДКСК оцени дека предметот нема елементи за натамошно постапување, од причина што по предметните наводи постапил надлежниот оган, заради што постапката за овој конкретен случај ја запре и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Татјана Димитровска**

Изработил: м-р Д. Д., советник
Контролирал: Ј. Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И. П., раководител на сектор
Одобрил: м-р С. Д., член

Доставено до:
- Подносителот

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk